**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 22-07-2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3645 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 јуни 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 јули 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни да емитуваат најмалку 8 часа дневно програма на телевизија);

- **Член 92 став 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6 јуни 2019 година, на регионално ниво, **<u>е констатирано прекршување на член 64 став</u>**

**1 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 6 јуни 2019 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, во рамки на емисијата/програмскиот блок „Ритамот на градот" се емитувани премиерни најави на три странски филмови – ***„Risico", „Loving Pablo" и „Silence"*** изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански или на турски јазик, јазиците на кои што медиумот емитува програма согласно дозволата.

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| **"Ритамот на градот"-премиера** | 02:50:38 | 02:55:58 | Во рамки на емисијата/програмскиот блок „Ритамот на градот" емитувани се премиерни најави на три странски филмови - ***„Risico", „Loving Pablo" и „Silence"*** изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански или на турски јазик. |
| **"Ритамот на градот"-реприза** | 14:31:36 | 14:36:57 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, на 6 јуни 2019 година, во рамки на емисијата/програмскиот блок „Ритамот на градот" емитувани се премиерни најави на три странски филмови - ***„Risico", „Loving Pablo" и „Silence"*** изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански или на турски јазик.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***